# POSSIBILITIES AND PERSPECTIVES FOR THE DEVELOPMENT OF SOCIAL ENTREPRENEURSHIP –CASE STUDY REPUBLIC OF MACEDONIA

**Marija Magdinceva-Shopova**
University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Aneta Stojanovska-Stefanova**
University Goce Delcev-Stip, Republic of Macedonia aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Resume**: Social entrepreneurship represents a new approach for solving of social problems that enables solution of socially useful quests and building of basis for sustainable development of the society.
This paper will provide theoretical exhibit and it will define the terms social entrepreneurship, social enterprise and social entrepreneur from different points of view. Because social enterprises are characterised with a specific characteristics, research part of the paper will focus on the legislative for establishing social enterprises in Republic of Macedonia and looking at the possibilities and the perspectives for the development of the social entrepreneurship in Republic of Macedonia. Social entrepreneurship is supposing constant rediscovery of new ideas by the social entrepreneurs for solving of the social problems and changing the old ones, known, impractical ways of conduct. Also social entrepreneurship is defined as a concept through which is done continuous conduct of economics activities under certain working conditions with an aim of engaging the marginalized groups of people in the society. Mostly it is about people, whom entrepreneurs-employers cannot recognize at the market, i.e. they are not hiring them.
Social enterprises conduct certain business activities with an aim of creating of social value from which society as a whole benefits as well from the conduct of that entrepreneurial activity. Social enterprises are not oriented towards basic aim of the traditional firms and that is making profits. As enterprises they conduct certain social mission, these type of firms have as aim creation of economic and social values by conducting noticeable social and economic changes in the society. Management of the social enterprises primarily is oriented towards discovery and satisfaction of the needs of the market that are not satisfied and is directed towards marginalized people.
Social entrepreneurs are carriers of the social entrepreneurship and are creators of the new ideas for solving of the social problems that are replacing the old impracticable ideas with a new business model of work. They posses high moral values and are directed towards spreading of their ideas outside of the boundaries of the social enterprise. Social entrepreneurs' posses' ability for recognition of useful socially entrepreneurial activities by using of inspirations, creativity and are prepared for undertaking activities for creating socially useful jobs in order to create balance between the subjects in the society.
**Keywords**: social entrepreneurship, social entrepreneur, social enterprise, Republic of Macedonia

# МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО-СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Доц. Д-р Марија Магдинчева-Шопова**
**Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија** marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Асс.Докторанд М-р Анета Стојановска-Стефанова**
**Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија** aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Резиме:** Социјалното претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на социјалните проблеми преку кој се овозможува решавање на општествено корисни прашања и градење основи за одржлив развој на општеството. Во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на термините социјално претприемништво, социјално претпријатие и социјален претприемач од различни аспекти. Бидејќи социјалните претпријатија се карактеризираат со специфични карактеристики,истражувачкиот дел од трудот ќе се фокусира на согледување на законската регулатива за основање на социјални претпријатија во Република Македонија и согледување на можностите и перспективите за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија и предлог модел за поттикнување на развојот на социјалното претприемништво во Република Македонија.
Социјално претприемаштво подразбира постојано откривање на нови идеи од страна на социјалните претприемачи за решавање на социјалните проблеми во замена на старите, познати, непрактични начини на

работа. Исто така социјалното претприемништво се дефинира како концепт преку кој се врши континуирано спроведување на економски активности под одредени услови на работење со цел ангажирање на маргинализирани групи во општеството. Најчесто се работи за лица коишто претприемачите - работодавачи не може да ги препознаваат на пазарот, односно не ги вработуваат.

Социјалните претпријатија извршуваат одредени деловни активности со цел создавање одредена општествена вредност при што и општеството има одредени бенефити од извршувањето на на претприемничката активност.

Социјалните претпријатија не се ориентирани кон основната цел на традиционалните претпријатија а тоа е остварување на профит.

Како претпријатија кои извршуваат одредена социјална мисија, овој тип претпријатија имаат за цел создавање на економски и социјални вредности преку извршување на забележливи социјални и економски промени во општеството. Менаџментот на социјалните претпријатија примарно е насочен кон откривање и задоволување на потребите на пазарот кои не се задоволени и кон маргинализираните личности .

Социјалните претприемачи се носители на социјалното претприемништво и тие се креатори на нови идеи за решавање на социјалните проблеми кои ги заменуваат старите непрактични идеи со нов бизнис модел на работа. Тие поседуваат високи морални вредности и се насочени кон проширување на нивните идеи надвор од границите на социјалното претпријатие. Социјалните претприемачи имаат способност за препознавање на можностите и развој на корисни социјално претприемнички активности преку користење на инспирации, креативност и се подготвени за преземање на активности за создавање на општествено корисни работи со цел создавање на рамнотежа помеѓу субјектите во општеството.

**Клучни зборови**: социјално претприемништво, социјален претприемач,социјално претпријатие , Република Македонија

## 1.ВОВЕД

Социјално претприемаштво подразбира постојано откривање на нови идеи од страна на социјалните претприемачи за решавање на социјалните проблеми во замена на старите, познати, непрактични начини на работа. Исто така социјалното претприемништво се дефинира како концепт преку кој се врши континуирано спроведување на економски активности под одредени услови на работење со цел ангажирање на маргинализирани групи во општеството. Социјалното претприемништво може да се дефинира генерално со помош на два составни елемента, а тоа е примарниот стратешки фокус на социјалнот влијание и самиот иноватиевн пристап за остварување на мисијата.

Социјалните претпријатија извршуваат одредени деловни активности со цел создавање одредена општествена вредност при што и општеството има одредени бенефити од извршувањето на на претприемничката активност.

## 2.СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО, СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ И СОЦИЈАЛЕН ПРЕТПРИЕМАЧ

Социјалното претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на социјалните проблеми преку кој се овозможува решавање на општествено корисни прашања и градење основи за одржлив развој на општеството. Корените на социјалното претприемништво датираат уште од 18-тиот век кога сопственикот на фабрика за тектил и индустријалец Роберт Овен се грижел за заштита на вработените обидувајќи се да ги подобри условите за работа, да им обезбеди услови за школување на членовите на семејството и ги вклучувал во различни културни активности.[128] Како нов начин на размислување, преку овој коцепт се овозможува создавање и реализирање на одредени активности кои го помагаат квалитетот на живот на оние субјекти кои имаат потреба од помош и чии што проблеми не се решаваат од страна на други деловни субјекти. Процесот на социјално претприемништво подразбира воведување на оригинални иновативни начини на работа чија примарна цел претставува создавање на нови општествени вредности. Овој концепт овозможува постојано откривање на нови идеи од страна на претприемачите кои се носители на деловната активност со цел решавање на социјалните проблеми во замена на старите, познати, непрактични начини на работа.

---

[128] Balta M.E., Darlington C., Smith S.L., Cornelius N., *Entrepreneurial Orientation and Social Innovation Practices in Social Enterprises: The Rhetoric and Reality*, International Journal of Business and Social Science, (2012)

Социјалните претпријатија го поттикнуваат процесот на создавање на економските и социјални вредности преку градење на нови вредности и општествени промени кои ги задоволуваат потребите и овозможуваат вработување на личности кои тешко може да бидат вработени или личности кои припаѓаат на маргинализираните групи во општеството. Преку социјалните претпријатија се воспоставуваат основи за спроведување на општествени промени за кои има потреба општеството а нема механизми да ги спроведе. Задоволувањето на потребите на општеството се реализира преку активно учество на самите лица кои имаат потреба да бидат ангажирани на соодветен начин. Создадениот профит во процесот на социјално претприемништво се користи за реализирање на основната мисија на социјалното претпријатие или за реализиција на одредена општествена цел.

Социјалните претприемачи се носители на социјалното претприемништво и тие се креатори на нови идеи за решавање на социјалните проблеми со кои се соочуваат одредени маргинилизирани групи во општествената заедница. Основен предизвик во работењето на социјалните претприемачи претставува осмислување и извршување на деловни активности кои ќе придонесат за унапредувањето на квалитетот на живот и помагање на лицата кои имаат потреба од помош . Социјалниот претприемач поседува висок степен на одговорност кон лицата на кои им помага. Социјалните претприемачи целосно се посветуваат на своите идеи за решавање на социјалните проблеми.[129]

Социјалниот претприемач претставува личност која е носител на социјалните промени во општеството. Овој тип на претприемач е изразено способен да го согледа проблемот, преземе иницијатива за решавање на проблемот, обезбеди ресурси и изгради одржливо претпријатие. Дефиниран од аспект на личност која ги препознава новите можноти,с

Социјалните претприемачи се многу снаодливи и иновативни личности кои не само што се обидуваат да ги решат проблемите за кои државните институции не можат да најдат решение, туку нудат производи и услуги на пазарот на кој традиционаните претприемачи не сакаат да работат бидејќи ризикот е преголем а финансиските награди многу мали. [130]

## 3. ПРЕДУСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За да се отпочне со конкретна претприемничка активност потребно е да бидат задоволени одредени предуслови. Развојот на социјалното претприемништво во Република Макесонија може да се поттикне доколку се обезбедени следните предуслови : обезбеден пазар, односно потрошувачи, одржливост на деловните активности, влијание на општеството и поттикнување на процесот преку институционални, државни мерки.

Процесот на социјално претприемништво и отпочнувањето со работа на социјални претпријатија ќе се поттикне доколку постојат незадоволени но идентификувани потреби кај одредени потрошувачи а претпријатијата имаат можности и ресурси да ги произведат и понудат на пазарот.

Моделот на социјалното претприемништво ќе биде одржлив доколку се обезбедат услови за економска одржливост на социјалниот проект. Економската одржливост на деловните активности се овозможува преку обезбедување на потребните финансиски, материјални и човечки ресурси за отпочнување и реализрање на социјалните активностите, и определување на соодносот на потребните ресурси и времето потребно за реализција на активностите и остварувањето на профит.

Отпочнувањето со претприемничка активност бара спроведување на одредени анализи за влијанието на активностите врз одредени субјекти во општествената заедница. Активностите кои се реализираат преку овој процес се очекува да предизвикаат позитивен ефект кај директните корисници на производите и услугите. Исто така активностите предизвикуваат влијание кај индиректните корисници, поради што се овозможува развој на општеството преку намалување на разликите помеѓу луѓето во општеството и маргинилизираните групи.

---

[129] Bornstein D. *How to Change the World : Social Entrepreneurship and the Power of New Ideas*, New York, Oxford University Press Inc., (2004)

[130] Hersey P.H., Blachard K.H. at Jonson. *Management of organizational behavior,* , New Jersey , Upper Saddle River, Prentice Hall (2001)

Развојот на социјално претприемништво може да се поттикне преку креирање и имплементација на различни видови институционални стимулативни мерки и олеснувања за основање на социјални претпријатија како и мерки за обезбедување на одржлив развој.

**4.МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Можностите и перспективите за развој на социјалното претприеништво се јавува како резултат на забележливите промени во окружувањето посебно на промените на глобалниот пазар, на кој се повеќе и повеќе е изразено интензивното натпреварување, децентрализацијата, алокацијата на производството и промената на начинот на работа на институциите со тенденција кон приватизација на јавните услуги. Појавата на новите социјални проблеми кои се јавуваат како резултат на промените во старосната структура, зголемување на бројот на болни лица, стареење на населението, масовните миграции и сл.го поттикнуваат равојот на социјалното претприеништво. Наведените промени во глобалното окружување претставуваат предизвик и можност од една страна во развојот на социјалното претприемништво, но од друга страна тие се опасност за развој на одредени сегменти во општеството.

Глобализацијата ја зголемува нееднаквста во односите меѓу земјите а посебно економската и социјалната нееднаквост.[131] За разлика од Европа, каде социјалната економија придонесува за околу 10% од БДП, а секое четврто ново основано претпријатие е социјално, Република Македонија се наоѓа во почетна фаза на развој на овој сектор. Првите почетоци за развој на социјално претприемништво во Република Македонија се забележани во 2008 година, кога се основани првите социјални претпријатија кои заедно со здруженијата на граѓани се носители на развојот на социјалното претприемништво во Република Македонија. Од аспект на започнувањето со работа , во Република Македонија не постои посебна законска регулатива туку основањето и работењето на овој тип претпријатија е изедначено со останатите претпријатија кои извршуваат одредена економска активност. Отсуството на соодветна законска регулатива,недостатокот од разбирање за самиот концепт на социјално претприемништво, недостатокот на финансиски средства и ограничениот пристап до истите претставуваат фактори кои го ограничуваат развојот на социјалното претприемништво во Република Македонија.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Социјалното претприемништво претставува концепт кој ги препознава можностите во неправедната распределба во општествената заедница како и проблемите на одредени групи во заедницата. Социјалното претприемништво претставува мултидимензионален модел, бидејќи по некои карактеристики како што се искористувањето на можностите, иновациите, преземањето на ризик, се поистоветува со традиционалното претприемништво.[132]

Социјалните претприемачи развиваат корисни социјално претприемнички активности со цел создавање на општествено корисни работи и постигнување рамнотежа помеѓу групите во општеството. Поттикнувањето на вредностите како солидарност, соработка и меѓусебна доверба претставуваат основни вредности и мотив за развој на овој сегмент.

Социјалните претпријатија се наоѓаат на границата помеѓу профитно ориентираните претпријатија и непрофитните претпријатија кои реализираат одредена социјална мисија. Преку активностите кои ги извршуваат, социјалните претпријатија учествуваат во создавањето на економски и социјални вредности и се носители на основните социјални и економски промени.

За разлика од Европа, каде социјалното претприемништво е развиено и учествува со околу 10% во БДП, Република Македонија се наоѓа во почетна фаза на развој на овој сектор. Во отсуство на соодветна законска регулатива, можностите за развојот на социјалното претприемништво во Република Македонија се содржани во креирање на стратегија за развој на социјалното претприемништво, и имплементирање на

---

[131] Hurrell A.and Woods N. *Inquality, Globalization and World Politics*, Oxford, Oxford University Press, (1999)

[132] Weerawardena J. and Mort G.S. *Investigating social entrepreneurship: a multidimensional model*,Journal of World Business,(2006)

соодветна институционална поддршка од страна на државата и локалната заедница во насока на решавање на одредени економски, социјални и опшествени прашања.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Balta M.E., Darlington C., Smith S.L., Cornelius N., *Entrepreneurial Orientation and Social Innovation Practices in Social Enterprises: The Rhetoric and Reality*, International Journal of Business and Social Science, Vol. 3 No. 17,pp.95-101,2002

[2] Bornstein D. *How to Change the World : Social Entrepreneurship and the Power of New Ideas*, New York, Oxford University Press Inc., pp. 78-82, 2004

[3] Dess G.,*The Meaning of Social Entrepreneurship*, Graduate School of Business, Stanford, University Stanford,pp.43-48, 1998

[4 ]Stokes D. *Small business management*, 2nd edition, London, Letts Educational London,pp.67-70,1995

[5] Hersey P.H., Blachard K.H. at Jonson. *Management of organizational behavior*, , New Jersey , Upper Saddle River, Prentice Hall, pp. 65-70,2001

[6] Hurrell A.and Woods N. *Inquality, Globalization and World Politics*, Oxford, Oxford University Press,pp.115-120, 1999

[7] Weerawardena J. and Mort G.S. *Investigating social entrepreneurship: a multidimensional model*,Journal of World Business, pp/21-35, 2006